# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО МАКРОЕКОНОМИЈА И ДРЖАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во „Дневник“ од 5.2.2010 год., Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата на 26.2.2010 год., донесе одлука со која сме одредени за членови на Комисијата за избор на наставник по предметите макроекономија и државна регулација. По разгледувањето на доставените материјали, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријави само кандидатот професор д-р Трајко Славески, вработен на Економскиот факултет во Скопје како наставник по предметите макроекономија и државна регулација.

**Биографски податоци**

Д-р Трајко Славески е роден во Охрид на 22.9.1960 година. Основно и средно училиште завршил во родното место со континуиран одличен успех. На Економскиот факултет – Скопје се запишал во учебната 1979/80 година, а дипломирал на 1.8.1983 година со просечна оценка 9,70, како најдобар студент на Економскиот факултет од својата генерација, за што добил универзитетска награда. Дипломскиот труд кандидатот своевремено го има изработено како дел од научно-истражувачки проект под раководство на акад. проф. д-р Никола Узунов.

Студиите на постдипломскиот студиум по Економски развој со методи на економската анализа на Економскиот факултет – Скопје ги завршил со одбрана на магистерскиот труд на тема „Современите економски школи во САД и нивното влијание врз стопанскиот систем и економската политика“ во јуни 1988 год., откако претходно во рекордно време ги положил предвидените испити со просечна оценка од 9,70. Магистерскиот труд во 1989 година беше објавен како книга со наслов „Современите економски школи во САД“. Истражувањето за магистерскиот труд кандидатот го обавил во рамките на својот десетмесечен престој на Калифорнискиот државен универзитет во Чико, САД, во учебната 1986/87 година.

Во јуни 1997 година кандидатот Трајко Славески ја одбрани својата докторска дисертација со наслов „Процесот на приватизација и економско-социјалните функции на современата држава“, со што се стекна со академскиот степен „доктор на економски науки“. Покрај во Скопје, истражувањата за својот докторски труд ги обавувал низ повеќе престои на врвни светски универзитети, како Харвард, САД (учебна 1989/90 год., како корисник на Фулбрајтова стипендија), Кембриџ (Велика Британија), Бокони (Милано, Италија), Лунд (Шведска), ЦЕУ во Будимпешта и други. Непосредно по одбраната, оваа докторска дисертација беше објавена како книга со наслов „Приватизација, пазар, држава“ (400 стр.)

По изборот за вонреден професор д-р Трајко Славески има обавено уште еден академски престој на В. П. Кери школата за бизнис при Државниот универзитет во Аризона, во август-септември 2004 година.

Во 1992 година, д-р Трајко Славески како советник на министерот за развој беше еден од авторите на Антиинфлаторната програма, донесена заедно со чинот на монетарното осамостојување на Република Македонија. Во 1999-2000 год. д-р Трајко Славески беше министер за развој во Владата на Република Македонија. Од април 2005 до август 2006 год. беше член на Советот на град Скопје, каде што работел во повеќе комсии. Со одлука на македонскиот парламент од 27.8.2006 година беше именуван за министер за финансии во Владата на Република Македонија. Оваа функција ја извршуваше до 10 јули 2009 година. Како министер за финансии учествуваше во спроведувањето на низа реформи во даночниот и финансискиот систем во Република Македонија, осовременување на платниот промет, интегрирање на наплатата на персоналниот данок од доход и социјалните придонеси во Управата за јавни приходи (концептот бруто-плата) и непосредно раководење со спроведувањето на фискалната политика во услови на високата инфлација од 2007 год. (резултат на порастот на светските цени на храната и на енергијата) и Големата Рецесија 2007-2009 година. Д-р Трајко Славески во периодот септември 2006 – јули 2009 год. ги извршуваше функциите Гувернер на Република Македонија во Светска Банка и во Меѓународна банка за обнова и развој.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Трајко Славески е вклучен во наставно-образовната дејност на Економскиот факултет – Скопје од своето прво вработување како помлад асистент во декември 1984 година. Доверените задачи (вежби, консултации со студенти, организација и полагање колоквиуми) секогаш ги извршувал совесно, одговорно, квалитетно и навремено. Како доцент ги профилирал и ги развил, како нови во наставниот план на Економски факлтет – Скопје, предметите макроекономија и државна регулација. При ова му користеле бројните студиски престои на универзитети во земјите од развиените пазарни економии и контактите со истакнати членови на меѓународната академска заедница. Во досегашната работа бил член во работните тимови по предметите основи на економијата, развој на економската мисла, современи економски системи и економија на работната сила, на прв циклус на студии, како и на неколку предмети на втор циклус на студии. Според оценките на колегите наставници и на студентите, д-р Трајко Славески кон наставата секогаш приоѓал со највисок степен на професионалност. Наставата и испитите по предметите макроекономија и државна регулација редовно ги изведувал и во периодот додека ја извршувал функцијата министер за финансии во владата на Република Македонија.

Вреди да се истакне дека кандидатот д-р Трајко Славески во периодот 1999-2006 бил ангажиран од страна на Националниот и каподистриски универзитет во Атина, Грција, на интердисциплинарниот постдипломски студиум „Студии за Југоисточна Европа", каде што држел предавања (на англиски јазик) на тема „Политичка економија на транзицијата и интеграцијата на земјите во Југоисточна Европа", како втор професор во тимот за тематската целина „Политиката, економијата и општеството во демократско окружување". Покрај оценување на студентите, бил ментор и во изработката на четири магистерски труда. Според анонимните анкети на студентите, своевремено доставени и до органите на Економски факултет – Скопје, д-р Трајко Славески повеќе години со ред бил оценуван како *најдобар*

*професор* во конкуренција со сите други професри на студиумот. Овој ангажман го прекинал на сопствено барање во учебната 2006/07 год., заради назначувањето на функцијата министер за финансии во владата на Република Македонија.

**Научно истражувачка дејност**

Покрај во наставно-образовната, д-р Трајко Славески е активен и во научно-истражувачката дејност. До изборот за вонреден професор неговиот опус се состои од над 100 библиографски единици, од кои 5 се книги (три самстојни и две во коавторство). Тука се вклучени и низа стратегиски документи, работени од страна на тимови, составени од домашни и странски експерти, во кои учествува кандидатот. Трудовите на д-р Трајко Славески, посебно тие објавени во релевантни списанија во странство, се повеќекратно цитирани (види: Google Scholar, RePEc и сл.). Кандидатот ги користи персоналните истражувања и во активностите од поширок интерес што ги обавувал во референтниот период.

Во натамошниот текст ќе го презентираме списокот на објавените трудови по неговиот избор за вонреден професор, а на некои од нив ќе направиме стручна анализа и оценка. Претходно објавените трудови се наведени и рецензирани при досегашните избори/реизбори (Билтени на Универзитетот Св. Кирил и Методиј бр. 505/1988, 584/1992, 695/1997 и 824/2003).

**Список на објавени трудови**

1. “Macedonian national poverty reduction strategy – background and current status” in *Household Survey 6*, Institute for Strategic Studies and Prognoses, January 2003, Podgorica
2. Totev, S., T. Slaveski, I. Gedeshi, G. Petrakos, M. Boyadjieva: “Economic Relations in South Eastern Europe: The Intra-regional FDI Point of View”, University of Thessaly, http://afroditi.uom.gr/move/documents/4.pdf , July 2004
3. „Корупцијата во Република Македонија“, објавена дискусија во „Македонија и корупцијата: состојба и предизвици“, Втора конференција, Фондација институт отворено општество Македонија, 2004
4. Три *студии на случај* (case studies) за ефикасноста на антикорупциските проекти во Република Македонија за Martin Tisné & Daniel Smilov: “From the Ground UP: Lessons learned Anti-Corruption Staretegies in South Eastern Europe”, OSI Budapest, 2004 (Студијата е објавена и на македонски јазик во издание на ФИООМ)
5. „Реформа на системите за здравствено осигурување и здравствена заштита“, background paper за Blue Ribbon Commission on Economic Development in Macedonia: Blue Ribbon Report, 2006
6. „Унапредување на конкуренцијата во Република Македонија“, background paper за Blue Ribbon Commission on Economic Development in Macedonia: Blue Ribbon Report, 2006
7. Објавена дискусија во публикација од Тркалезна маса: „Република Македонија и светската економска криза“, Фондација - Меморијален центар „Никола Кљусев“, 2009

8. “Macedonia: The Impact of the Global Economic Crisis”, *South Eastern Europe after th[e] Crisis: A New Dawn or Back to Business as Usual?*, LSEE (The London School o[f] Economics European Institute), May 2010 (во печат)

Во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Трајко Славески објавил околу 70 колумни во дневниот весник „Дневник“. Најголемиот дел од овие трудови третираат актуелни економски прашања во Република Македонија и во светот. Нивна карактеристика е што во основа се темелат на најнови економски истражувања за соодветна проблематика, која на достапен начин таргетира пошироко читателска публика. Во продолжение ќе наведеме само дел од овие трудови на кандидатот.

1. „(Не)доверба“, *Дневник* бр. 2221, 08.08.2003
2. „Оди на југ млад човеку!“, *Дневник* бр. 2239, 29.08.2003
3. „Што се случи со инфлацијата?“, *Дневник* бр. 2245, 05.09.2003
4. „Пазар за здравје“, *Дневник* бр. 2268, 03.10.2003
5. „За кого работиме?“ (по повод смртта на носителот на Нобелова награда за економија Франко Модилјани), *Дневник* бр. 2274, 10.10.2003
6. „Евросклероза“, *Дневник* бр. 2292, 31.10.2003
7. „Карерас економија“, *Дневник* бр. 2817, 22.07.2005
8. „Економика на тероризмот“, *Дневник* бр. 2823, 29.07.2005
9. „Taxi!“, *Дневник* бр. 2839, 19.08.2005
10. „Девизниот курс“, *Дневник* бр. 2880, 07.10.2005
11. „Конфликт и соработка“ (по повод доделувањето на Нобеловата награда за економија за 2005 година на Томас Шелинг и Роберт Оман), *Дневник* бр. 2885, 14.10.2005
12. „Збогум Ленин?“, *Дневник* бр. 2903, 04.11.2005
13. „Нашите пензии“, *Дневник* бр. 2915, 18.11.2005
14. „Конкуренција и контрола“, *Дневник* бр. 2921, 25.11.2005
15. „Далијан“, *Дневник* бр. 2933, 09.12.2005
16. „Буџет и финансии“, *Дневник* бр. 2945, 23.12.2005
17. „Економија на пушењето“, *Дневник* бр. 2951, 30.12.2005
18. „Религијата и економијата“, *Дневник* бр. 2955, 06.01.2006
19. „Цената на цигарите“, *Дневник* бр. 2972, 27.01.2006
20. „’Стечајни работници’“, *Дневник* бр. 3008, 10.03.2006
21. „Цената на девизните резерви“, *Дневник* бр. 3032, 07.04.2006
22. „Казните и просперитетот“, *Дневник* бр. 3038, 14.04.2006
23. „Најниската плата“, *Дневник* бр. 3049, 28.04.2006
24. „Џон Кенет Галбрајт (1908-2006)“, *Дневник* бр. 3053, 05.05.2006
25. „Индивидуалната слобода и патернализмот“ (по повод 200 години од раѓањето на Џон Стјуарт Мил), *Дневник* бр. 3065, 19.05.2006
26. „Рамни и ниски даноци“, *Дневник* бр. 3071, 26.05.2006
27. „Дипломатите и корупцијата“, *Дневник* бр. 3125, 28.07.2006

**Учество на научни и стручни собири**

Во периодот по неговиот избор за вонреден професор, д-р Трајко Славески учествувал на повеќе конференции, форуми и трибини, на коишто се претставил со свои трудови, презентации и учество во дискусии. Во продолжение даваме преглед на поважните научни и стручни собири на коишто учествувал кандидатот:

1. Презентација на тема: „Искуства од партиципативниот процес во подготовката на Стратегија за намлување на сиромаштијата во Република Македонија", во рамките на Национална конференција: „Градење отворена власт преку децентрализација", Фондација Институт отворено општество – Скопје, март 2003 год.
2. Предавање на тема: „Процесот на приватизација во Република Македонија" на Политичката академија во организација на фондацијата Конрад Аденауер, Скопје, мај 2004 год.
3. Учество на 60-тото Годишно собрание на Светска банка и ММФ (Annual Meetings), 16-19 септември 2006 год, Сингапур, како предводник на македонската делегација. Учество во работата на Холандската конституенца на ММФ и Светска Банка и на состаноците на IMFC (International Monetary and Financial Committee) и DC (Development Commmittee).
4. Учество на *3rd Vienna Economic Forum: Investment Opportunities in the Countries from the Adriatic to the Black Sea,* 7 November 2006, Vienna, Austria (Round table: Insurance/Banking и Serbia-Macedonia-Montenegro-Moldova Forum)
5. Учество на конференција: "€ Conference Slovenia 2007", 15 January, 2007, по повод воведување на еврото во Република Словенија.
6. Учество со презентација и дискусија на: Ministers' Panel: Managing the Transition to a Market Economy, *12th Euromoney Central and Eastern European Forum*, 16-17 January 2007, Vienna, Austria.
7. Презентација на тема: "Financial Stability in the Republic of Macedonia" , на пленарната 2-ра сесија на *Intergovernmental Conference on Middle Income Countries*, Madrid, 1-2 March 2007.
8. Предавање (Keynote Speech) на тема: "Macroeconomic Policies in the Republic of Macedonia", *First Regional Macedonian American Alumni Association Conference*: "Strategies to Bring the Balkans Close to the EU", Skopje, 23-24 March 2007.
9. Учество на Пролетните средби на Светска Банка и ММФ, 13-16 април 2007 год., Вашингтон, САД
10. Презентација и учество во дискусија на тема: "Pre-Accession Economic Program of the Republic of Macedonia 2007-2009, *ECOFIN Inter-Ministerial Dialog*, Brussels, 8 May 2007.
11. Презентација на тема: "Tax Reforms in the Republic of Macedonia", *EBRD Board of Governors Annual Meeting 2007*, May 2007, Kazan, the Republic of Tatarstan, Russian Federation.
12. Учество во панел дискусија на American Business Forum: The Current Global Financial Crisis and its Effects on Macedonia", Skopje, 30.1.2008
13. Дискусија на трибина на тема: „Пристап до капиталот – предизвици и можности", во организација на Дневник, Скопје, 27.2.2008 година.

14. Учество на Тркалезна маса на тема: „Пазарните економии под притисок - дали им… светлина на крајот од тунелот?" во организација на Фондација „Конрад Аденауер" и Европската бизнис асоцијација, Скопје, 8.4.2008 год.
15. Презентација и учество во дискусија на тема: "Pre-Accession Economic Program of the Republic of Macedonia 2008-2010, *ECOFIN Inter-Ministerial Dialog*, Brussels, 14 May 2008.
16. Обраќање на *EBRD Board of Governors Annual Meeting 2*008, 18-19 May 2008, Kiev, Ukraine и презентација на тема: "Investment Opportunities in the Republic of Macedonia" на бизнис форумот во рамките на овој настан.
17. Дискусија на тема: "Financing of Investments in Macedonia", Round table: "Financing of Investments, Assistance from the EU and International Finance Institutions" на *5th Vienna Economic Forum: Investment Possibilities in the Countries from the Adriatic to the Black Sea and the Caspian Region*, 10-11 November 2008, Vienna, Austria
18. Учество на *18th European Banking Congress: World Currency Regime – to Float or Not to Float*, 21 November 2008, Frankfurt, Germany.
19. Излагање и учество во дискусија на тема: "The Effects of the Global Financial Crisis Upon the Macedonian Financial System" на Ministers' Panel: The Global Credit Crunch – How Has it Affected the Region, *14th Euromoney Central and Eastern European Forum,* 20-21 January 2009, Vienna, Austria
20. Учество на Пролетните средби на Светска Банка и ММФ, 24-27 април 2009 год., Вашингтон, САД. Учество во работата на IMFC (International Monetary and Financial Committee) и DC (Development Commmittee).
21. Учество во дискусија на IMF/EC/CEF Joint Seminar at the 2009 Spring Meetings: "Economic Stability and EU Convergence in Southeast Europe: Building Capacities for Policy Design and Implementation", Washington, D.C., 24 April 2009
22. Презентација и учество во дискусија на тема: "Pre-Accession Economic Program of the Republic of Macedonia 2009-2011, *ECOFIN Inter-Ministerial Dialog*, Brussels, 5 May 2009.
23. Учество на The World Bank Regional Workshop "Pension Systems in Time of Financial Crisis", Brussels, 7 May 2009
24. Презентација: "Investment Opportunities in Macedonia" во рамките на сесијата "Fighting the Crisis, Promoting the Recovery and Deepening the Transition", *EBRD Board of Governors Annual Meeting 2009*, 15-16 May 2009, London.
25. Презентација и учество во дискусија на Експертско-студентски дијалог: „Пазарни економии во криза: кон закрепнување?", во организација на Фондација Конрад Аденауер, Економски факултет - Скопје и Институт за демократија, декември 2009
26. Покана за учество на панел: "Southeast Europe after the Crisis: The Quest for Stability" во рамките на конференцијата: "Southeast Europe on the Road to the EU: Past Experience and Future Challenges", Greek Centre for European Studies, Athens, 15 April 2010

**Научно-истражувачки проекти:**

1. "From the Ground UP: Lessons learned in Anti-Corruption Strategies in South Eastern Europe", OSI Budapest, 2003-04.
2. "Evaluation of the assistance to Balkan countries under CARDS regulation 2666/2000", Development Researcher's Network – DRN – Rome-Brussels, 2003-04.

3. "Evaluation of the efficiency of the USAID projects in Macedonia", USAID-Skopje, 2004.
4. "Study on the linkages between the economic development of the countries of the Western Balkans, and progress in the institutional reform process (Ref.: RELEX/2004/Study – Balkans)", Development Researcher's Network – DRN – Rome-Brussels, 2005.
5. Blue Ribbon Commission on Economic Development in Macedonia, UNDP, 2005-2006
6. "Convergence to the European Union: Challenges and opportunities", UNDP and Ministry of Finance of the Republic of Macedonia, 2008-2009

**Стручно-апликативна дејност (активности од поширок интерес)**

Во периодот по изборот за вонреден професор, кандидатот д-р Трајко Славески остварил забележителни активности надвор од Економскиот факлтет- Скопје. Од април 2005 до јули 2006 година бил член на Совет на град Скопје, каде што учествувал во работата на повеќе комисии и во носењето на значајни документи за развојот на градот. На парламентарните избори во 2006 год. најпрво е избран за член на македонскиот парламент, а потоа е именуван за министер за финансии во Владата на Република Македонија. Функцијата министер за финансии ја извршува до 10.7.2009, а веќе од наредниот ден го реактивира работниот однос на Економски факултет – Скопје. За време на мандатот д-р Трајко Славески имал извонредна можност за примена на стекнатите теоретски и практични искуства во креирањето и водењето на економската политика во Република Македонија во период на значителни екстерни шокови за македонската економија. Покрај справувањето со овие шокови, со низа проекти тој е вклучен и во спроведувањето реформи во финансиската, особено во фискалната сфера. Учествува во работата на повеќе меѓуресорски комитети и комисии. Активно учествува во подготовката на значајни нови законски проекти или измени и дополнувања на постојни закони. Поважните се наведени во Анекс 2 кон овој Реферат. Д-р Трајко Славески бил уредник на месечното списание *Билтен* во издание на Министерство за финансии на Република Македонија.

Во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Трајко Славески има објавено преку 20 интервјуа во домашни и странски дневни и неделни списанија и весници, како и десетина телевизиски интервјуа со различно времетраење – од неколку минути до половина час.

Во продолжение сосема кратко ќе презентираме неколку од објавените трудови на кандидатот д-р Трајко Славески:

Трудот "Economic Relations in South Eastern Europe: The Intra-regional FDI Point of View", објавен во коавторство, ги презентира резултатите од истражување, базирано на повеќе „студии на случај", за улогата на претпријатијата основани од страна на грчки сопственици во соседните земји: Албанија, Бугарија и Македонија. Истражувањето опфаќа вкупно 28 големи грчки претпријатија. Студијата е фокисирана врз улогата на овие претпријатија во развојот на билатералните економски односи. Се изучуваат предностите и пречките за инвестирање во спомнатите земји. Посебно внимание е концентрирано врз улогата на прекуграничната соработка меѓу овие соседни земји и Грција и програмите на ЕУ за поттикнување на ваквиот вид соработка.

Во трудот "Macedonia: The Impact of the Global Economic Crisis", авторот д-р Трајко Славески најпрво ги истакнува реформските зафати и политики на надлежните институции

кои помогнаа Република Македонија релативно успешно да ги амортизира ефектите в финансиската и економската сфера од она што сега се нарекува *Големата Рецесија 2007-2009 год*. Во продолжение е направена сосема концизна анализа на ограничувачките фактори за растот во Република Македонија и во другите земји од Југоисточна Европа во наредниот период, особено имајќи ги во вид ризиците поврзани со можната криза на државен долг во некои земји од ЕУ (Грција, Португалија, Шпанија, Ирска и Италија).

Д-р Трајко Славески зеде активно учество во тимот за подготовка на Синиот извештај за Република Македонија. Покрај подготвените друдови за овој извештај, тој во дискусиите со домашните и странски членови на тимот се залагаше за одделни предлози во даночната сфера (како, на пр., воведување на рамен данок), кои подоцна беа прифатени како реформски зафати од страна на владата на Република Македонија.

**Заклучок и предлог**

Кандидатот д-р Трајко Славески, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, е афирмиран економист, не само во земјата, туку и пошироко. Во досегашната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност тој постигнал завидни резултати, вредни за почит. Како наставник по предметите макроекономија и државна регулација на додипломските студии, наставата и другите наставни задолженија ги изведувал со евидентен успех, компетентно, квалитетно и совесно. Истите квалификации во целост се однесуваат и за изведувањето на наставните задолженија на постдипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, како и на интердисциплинарниот постдипломски студиум „Студии за Југоисточна Европа", на Националниот и каподистриски универзитет во Атина, Грција, (на англиски јазик). Неговиот научно-истражувачки опус, како што се гледа од рецензијата, е вонредно богат, како според бројот на објавени научни и стручни трудови, така и според ширината на темите кои се предмет на неговиот научен интерес. По изборот за вонреден професор, и покрај фактот што извршувал одговорна општествена функција, својата научно-истражувачка и стручна дејност ја профилирал во неколку области, третирајќи широк опус на значајни макроекономски прашања (макроекономски политики, редукција на сиромаштијата, теми од меѓународната економија, финансиски и економски кризи итн.), но и на значајни прашања врзани за државната (економската и општествената) регулација (корупција, регулација на секторот на здравство, одржување на конкуренцијата итн.). Своите трудови од споменатите научни области ги објавувал во домашни и меѓународни научни проекти, во статии (во домашни и релевантни странски списанија), во реферати, настапи и дискусии на домашни и меѓународни научни и стручни собири, конференции, панели, презентации итн. Фактот што значаен дел од трудовите на Проф. д-р Трајко Славески се пишувани или презентирани на англиски јазик, придонесува за негова афирмација и цитираност надвор од земјата. Неговата стручно-апликативна дејност насочена кон подготвување на значајни законски проекти, посебно од областа финансии и особено фискална политика, е исто така евидентна и релевантна. Кандидатот, д-р Трајко Славески, влегува во редот на македонските економисти кои своите погледи и ставови за бројни економски прашања, редовно ги презентира пред пошироката јавност - колумни, интервјуа во домашните и странски медиуми итн.

Комисијата определена за избор на наставник по макроекономија и државна регулација, врз основа на презентираната документација и научните и стручни трудови, како и врз основа на личното познавање и следење на кандидатот, дојде до уверување дека Проф.

д-р Трајко Славески, со досегашната наставно-образовна дејност се афирмирал како способен и квалитетен наставник, како автор на публикации и учесник во домашни и меѓународни проекти кои имаат значајно влијание врз развојот на економската наука и практика кај нас и пошироко, посебно во областите макроекономија и државна регулација, во кои припаѓаат научните дисциплини кои ги предава и воопшто како познат економист сред научната и стручна јавност.

Ваквите квалитети на кандидатот се потврдуваат и со бодирањето според Критериумите за избор во звања на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Кандидатот д-р Трајко Славески според образецот во Анекс 2 кон овој реферат, во целост ги исполнува квантитативните критериуми за избор во звање.

Врз основа на се што досега е искажано за постигнатите резултати и квалитети на проф. д-р Трајко Славески, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере кандидатот **Проф. д-р Трајко Славески, за редовен професор по предметите макроекономија и државна регулација, на Економскиот факултет во Скопје.**

Скопје, 9.3.2010 година

Рецензентска комисија

1. Акад. Таки Фити
2. Проф. д-р Олга Теменугова-Градишка
3. Проф. д-р Михаил Петковски

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Трајко Борис Славески

**Институција:** Економски факултет - Скопје
**Научна област:** Економија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава – прв циклус на студии (Макроекономија: 6ч.н. x 15нед. x 0,04 x7 сем. = 25,20 поени; Државна регулација: 6ч.н. x15x0,04x8 сем. = 28,80 поени. Вкупно 52,32 поени | 54,00 |
| 2. | Одржување настава – втор циклус на студии | 3,00 |
| 3. | Консултации со студенти (330 студенти x 0,002x7,5 учебни години) | 4,95 |
| 4. | Ментор на дипломска работа (36x0,2) | 7,20 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3x0,5) | 1,50 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (8x0,3) | 2,40 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (11x0,1) | 1,10 |
| 8. | Превод на учебник | 3,00 |
| 9. | Пакет материјали за одреден предмет (3x1) | 3,00 |
| | **Вкупно** | **80,15** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународен научен проект – 6x5,00 (Проектите се наведени во текстот на рефератот) | 30,00 |
| 2. | Дел од монографија објавен во странство (LSEE: South Eastern Europe after the Crisis: A New Dawn or Back to Business As Usual?, London, May 2010 | 6,00 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор | 3,00 |
| 4. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (5x3,00) | 15,00 |
| 5. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (6x2,00) | 12,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет (3x3,00), National and Capodistrian University, Атина, Грција, учебни години: 2003/04, 2004/05, 2005/06 | 9,00 |
| | **Вкупно** | **75,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија (DRN: *Evaluation of Assistance to Balkan Countries Under CARDS Regulation 2666/2000*, 2004) | 1,00 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Уредник на научно/стручно списание (*Билтен*, Министерство за финансии, 2006-2009) | 2,00 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (*Фискален практикум*) | 0,50 |
| 3. | Студиски престој во странство (W.P. Carrey School of Business, Department of Economics, Arizona State University, август-септември 2004, еден месец) | 0,50 |
| 4. | Член на комисија за избор во звање (5x0,2) | 1,00 |
| 5. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) – *Национален развоен план*, *Стратегија за одржлив развој*, *Стратегија за рамномерен регионален развој*, *Пред-пристапна економска програма 2008*, *Пред-пристапна економска програма 2009*, Закони – 20x2 (Измени и дополнувања на Закон за персоналниот данок од доход и Закон за данок на добивка при воведувањето на концептот „рамен данок“; Закон за платниот промет; Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување (воведување на концептот бруто-плата); Закон за банките; Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; Закон за јавните набавки; Закон за кредитно биро (основање на првото приватно кредитно); Закон за македонската банка за поддршка на развојот; Измени и дполнувања на Закон за Народната банка на Република Македонија; Закон за стоковните резерви; Измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување; Измени и дополнувања на Закон за управата за јавни приходи; Измени и дополнувања на Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа; Закон за финансиската полиција; Измени и дополнувања на Закон за хартии од вредност; Измени и дополнувања на Закон за царинската управа; Измена и дополнување на царински закон; Закон за инвестициски фондови; Закон за буџетите; Измени и дополнувања на закон за задолжително осигурување во сообраќајот; Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити; Измени и дополнувања на Закон за игрите на среќа и за забавните игри и | 40,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | др. | |
| 6. | Учество во комисии и тела на државни и други органи (Министер за финансии на Република Македонија – август 2006-јули 2009 1,00 поен; член на комисии на Влада на Република Македонија за Економски систем и тековна економска политика, Одржлив развој и човекови ресурси, Приватизација – 3x1,00=3,00 поени; член на Комитети на Влада на Република Македонија за Стратегиски инвестициски проекти, Комитет за стечаи, Комитет за денационализација, Комитет за градежна експанзија, Комитет за странски инвестиции и Комитет за борба со последиците од вирусот H1N1 – 6x1,00=5,00; Гувернер на Република Македонија во Светска Банка и Гувернер на Република Македонија во Европска банка за обнова и развој – 2x1,00=2,00 поени. | 12,00 |
| | **Вкупно** | **57,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **80,15** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **75,00** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **57,00** |
| **Вкупно** | **212,15** |

**Членови на комисијата**

1. Акад. Таки Фити, претседател
2. Проф. д-р Олга Теменугова-Градишка, член
3. Проф. д-р Михаил петковски, член

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1648/1
03.06 2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 132, 133 и 134 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" бр. 35/08) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет седницата одржана на **28.05.2010** година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. Кандидатот проф. д-р **Трајко Славески** се предлага да се избере за **редовен професор** по предметите **Макроекономија** и **Државна регулација.**
2. Оваа одлука да се достави до Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје за избор, архивата на Факултетот и папката на соодветната седница.

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот Конкурс за избор на наставник по предметите **Макроекономија** и **Државна регулација** во Дневник од 05.02.2010 година, се пријави проф. д-р **Трајко Славески**.

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 982 од 15.04.2010 година.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 28.05.2010 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. Акад. проф. д-р Таки **Фити**
2. Проф. д-р Олга **Т. Градишка**
3. Проф. д-р Михаил **Петковски**

го утврди кандидатот проф. д-р **Трајко Славески** како кандидат за наставник по предметите **Макроекономија** и **Државна регулација** на Економскиот факултет во Скопје, во звањето **редовен професор.**

Согласно член 52 став 1, алинеја 16, Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје треба да го изврши изборот на именованиот во звањето **редовен професор**.

Доставено до:
-именованиот
-Сенатот на Универзитетот
-општа и персонална служба,
- архивата
- папката од соодветната седница
- Комисијата за веб страната на Факултетот

**Д Е К А Н,**

**Проф. д-р Љубомир КЕКЕНОВСКИ**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: | 21.06.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 04 | 1871/1 | | |

Бр. 02-497
18.6.2010 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), Универзитетскиот сенат, на 24. седница одржана на 18.6.2010 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

**Д-р Трајко Славески**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Економски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски факултет - Скопје, по предметите: **макроекономија** и **државна регулација**.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Трајко Славески заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет - Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Република Македонија Скопје

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:
- Економски факултет - Скопје
- д-р Трајко Славески

мм/ед